**Република Северна Македонија**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка**
**и постапка од работен однос во втор степен**

Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, врз основа на член 1 од Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен („Службен весник на Република Македонија“ број 51/2011, 148/2013, 41/2014, 130/2014, 53/2016 и 11/2018), а во врска со член 119 став (3) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ број 53/2005 ... 171/2022), постапувајќи по жалбата на ДПГТУ КООП ИНЖЕНЕРИНГ ДОО Куманово, изјавена преку полномошник Адвокат Радован Чесмаџиски од Куманово, против Решение УП1-11/2-330/2022 од 04.09.2023 година, на Министерството за животна средина и просторно планирање - Управа за животна средина - Сектор за индустриско загадување и управување со ризик, на седница одржана на ден 22.04.2024 година, го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

**ЖАЛБАТА** на ДПГТУ КООП ИНЖЕНЕРИНГ ДОО Куманово, изјавена преку полномошник Адвокат Радован Чесмаџиски од Куманово, против Решение УП1-11/2-330/2022 од 04.09.2023 година, на Министерството за животна средина и просторно планирање - Управа за животна средина - Сектор за индустриско загадување и управување со ризик, **СЕ УВАЖУВА.**

Решението УП1-11/2-330/2022 од 04.09.2023 година, на Министерството за животна средина и просторно планирање - Управа за животна средина - Сектор за индустриско загадување и управување со ризик, **СЕ ПОНИШТУВА** и предметот се враќа на повторно постапување и одлучување од страна на првостепениот орган.

**Образложение**

Министерството за животна средина и просторно планирање - Управа за животна средина - Сектор за индустриско загадување и управување со ризик (понатаму: првостепен орган), донел Решение УП1-11/2-330/2022 од 04.09.2023 година, за одземање на Измена на А-Интегрирана еколошка дозвола на операторот ДПГТУ КООП ИНЖЕНЕРИНГ ДОО Куманово, (2-две) Асфалтните бази УП1-11/2-330/2022 од 19.05.2022 година, согласно член 119 став (1) алинеа 3 од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ број 53/2005 ... 171/2022) (понатаму: Закон) заради не вршење на активност во обем и во време утврдено во дозволата.

Незадоволно од вака донесеното решение, правното лице ДПГТУ КООП ИНЖЕНЕРИНГ ДОО Куманово, преку полномошник Адвокат Радован Чесмаџиски од Куманово (понатаму: жалител) изјавило жалба по пошта на ден 06.10.2023 година, преку првостепениот орган до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен (понатаму: Државна комисија), каде е оформен предмет УП.бр.0807-38 од 24.10.2023 година.

Жалбата жалителот ја поднесува поради суштествени повреди на одредбите на постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право. Во жалбата наведува дека првостепениот орган погрешно ги применил одредбите од Законот за општата управна постапка, дека постапил по задолжението на Државен инспекторат за животна средина, по што постапката била запрена, како и ги доставил бараните докази по барање на првостепениот орган. Воедно наведува дека предметните катастарски парцели се помеѓу двете асфалтни бази и не се поврзани помеѓу себе, односно не се парцели на кои лежат базите.

Предвид вака поставените жалбени наводи, жалителот предлага жалбата да се уважи, обжаленото решение да се поништи и предметот да се врати на повторно постапување и одлучување пред првостепениот орган и да се задолжи со трошоците во жалбената постапка.

Во врска со поднесената жалба, првостепениот орган со допис УП1-11/3-330/2022 од 20.10.2023 година, ги достави списите од предметот до Државната комисија и достави одговор на жалба каде наведува дека жалителот работел спротивно на Законот за животната средина, односно дека од страна на првостепениот орган по претходно барање од Државен инспекторат за животна средина, дел од имотот врз кој се поставени инсталациите (асфалтни бази и бункерите за складирање на материјал) не се во сопственост на операторот, односно КП16222, КП16223, КП16272/2, КП16274/1, КП16274/2, КП16275/1, КП16275/2, КП16276/2, се во сопственост на Република Северна Македонија и на физички лица, следствено правниот субјект ДПГТУ КООП ИНЖЕНЕРИНГ ДОО Куманово, има нерешен имотно правен спор за земјиштето каде што се наоѓаат асфалтните бази и бункерите за складирање на материјалот.

Пред да се впушти во оцена на основаноста на жалбените наводи и законитоста на побиваното решение, Државната комисија ја разгледа поднесената жалба при што утврди дека истата е навремена, допуштена и изјавена од овластено лице.

Постапувајќи по жалбата, Државната комисија изврши увид во списите приложени кон предметот, во обжаленото решение, во самата жалба, како и дадениот одговор на жалба, при што утврди дека жалбата треба да се уважи, донесеното решение да се поништи и предметот да се врати на повторно постапување пред првостепениот орган.

Имено, првостепениот орган донел Решение за издавање на Измена на А-Интегрирана еколошка дозвола на операторот ДПГТУ КООП ИНЖЕНЕРИНГ ДОО Куманово, УП1-11/3-330/2022 од 19.05.2022 година.

По ова, од страна на Државен инспекторат за животна средина, со допис Број 17.1-86/1 од 14.06.2023 година, било побарано од првостепениот орган мислење дали имотот на кој се наоѓаат двете асфалтни бази е во сопственост на операторот на асфалтните бази ДПГТУ КООП ИНЖЕНЕРИНГ ДОО Куманово.

Првостепениот орган со допис Бр.11-4291/2 од 10.07.2023 година, побарал од жалителот да достави докази, односно документ за право на користење, имотен лист или договор за закуп на земјиштето каде што се наоѓа Асфалтната База ALFELD AE 140 AT.

По достава на доказите од страна на жалителот, првостепениот орган извршил увид при што утврдил дека истите не кореспондираат со информациите дадени во барањето по кое што е издадена Измената на А-Интегрирана еколошка дозвола, односно парцелите КП16221, КП16222, КП16223, КП16224, КП16272/1, КП16272/2, КП16273/1, КП16273/2, КП16274/1, КП16274/2, КП16275/1, КП16275/2, КП16275/3, немаат имотни листови, немаат документи за право на користење или договор за закуп на земјиштето на име на операторот, за Измената на А-Интегрирана еколошка дозвола УП1-11/3-330/2022 од 19.05.2022 година.

Поради наведеното, првостепениот орган утврдил дека операторот активноста не ја врши во обем и во време утврдено во А-интегрираната еколошка дозвола и согласно член 119 став (1) алинеа 3 од Законот за животната средина, донел Решение УП1-11/2-330/2022 од 04.09.2023 година, за одземање на Измена на А-Интегрирана еколошка дозвола на операторот ДПГТУ КООП ИНЖЕНЕРИНГ ДОО Куманово, (2-две) Асфалтните бази УП1-11/2-330/2022 од 19.05.2022 година.

Согласно член 5 став (1) алинеа 41 од Законот за животната средина, Дозвола, во однос на интегрираното спречување и контролата на загадувањето, е оној дел од пишаната одлука или целата пишана одлука (или неколку такви одлуки) со којашто се дава овластување за работа на целата или на дел од инсталацијата, а што е предмет на одредени услови со кои се гарантира дека инсталацијата е усогласена со барањата утврдени со овој и со друг закон. Дозволата може да опфаќа една или повеќе инсталации или делови од инсталации на истата локација, со кои работи истиот оператор.

Според член 119 став (1) од Законот за животната средина, Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина донесува решение за одземање на А- интегрирана еколошка дозвола, доколку операторот:

- повеќе од трипати ги прекршил задолжителните услови утврдени во А-интегрираната еколошка дозвола, што е утврдено со правосилни решенија на Државниот инспекторат за животна средина,
- извршил измени на инсталацијата, без да добие дозвола од органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина или
- активноста не ја врши во обем и во време утврдено во А-интегрираната еколошка дозвола.

Согласно член 88 став 4 од Законот за општата управна постапка, Образложението треба да биде разбирливо и да содржи: кратко излагање на барањето на странката, ако постои, утврдените факти според коишто е издаден управниот акт, правните прописи и причините поради коишто, врз основа на утврдените факти, управниот акт е донесен, причините поради кои некои од барањата, тврдењата или предлозите на странките не се прифатени, како и причините поради кои некои од изјавите дадени во текот на постапката не се земале предвид. Во случај на управен акт донесен по слободна оцена, мора да се наведат главните причини поради кои правото да се решава по слободна оцена се применило на начин како во управниот акт. Кога жалбата не го одлага извршувањето на управниот акт, образложението исто така содржи и упатување на прописот што тоа го предвидува.

Од извршениот увид во списите од предметот воден пред првостепениот орган, Државната комисија констатираше дека првостепениот орган не ги презел потребните дејствија во постапката која му претходи на донесување на обжаленото решение, истата е неправилно спроведена и не е целосно утврдената фактичката состојба, додека донесеното решение е нејасно и недоволно образложено.

Имено, од увид во донесеното решение, Државната комисија утврди дека истото не содржи соодветно образложение и не е во согласност со одредбите од Законот за општата управна постапка, поради што Државната комисија не може понатаму да ја испитува законитоста на истото.

Ова од причина што донесеното решение нема соодветно образложение, односно не е наведена целосната постапка од дадената дозвола - измена, за која инсталација е издадена и точно на кои катастарски парцели е поставена инсталацијата, односно не се наведени сите катастарски парцели на кои е поставена истата, за потоа да утврди за кои парцели нема соодветни докази, како би било јасно донесеното решение.

Дополнително, првостепениот орган во постапката со допис Бр.11-4291/2 од 10.07.2023 година, побарал од жалителот да достави докази, односно документ за право на користење, имотен лист или договор за закуп на земјиштето каде што се наоѓа Асфалтната База ALFELD AE 140 AT, односно побарал докази само за една асфалтна база, додека со донесеното решение одземал Измена на А-Интегрирана еколошка дозвола на операторот на (2-две) Асфалтни бази, што исто така создава нејасност за постапката.

Имајќи ја предвид вака утврдената правна и фактичка состојба на работите, Државната комисија утврди дека жалбата треба да се уважи, обжаленото решение да се поништи и предметот да се врати на повторно постапување и одлучување пред првостепениот орган.

Во повторното постапување и одлучување потребно е првостепениот орган, имајќи ги предвид забелешките на Државната комисија содржани во ова решение, да ги отстрани констатираните недостатоци и конкретната управна постапка да ја продолжи и да ја спроведе во целосна согласност со одредбите од Законот за општата управна постапка и одредбите од Законот за животната средина.

Во повторната постапка, првостепениот орган потребно е правилно и целосно да ја утврди фактичката состојба со изведување на сите материјални докази и нивна преоценка, да ги прибави сите докази кои е должен по службена должност, како и сите докази кои ќе се јават како потребни и од сите прибавени и расположливи материјални докази, врз основа на совесна и грижлива оцена на секој доказ посебно и на сите докази заедно да ги утврди сите решителни факти кои што се од значење за правилно и целосно утврдување на фактичката состојба.

По правилното утврдување на фактичката состојба ќе биде потребно првостепениот орган, со правилна примена на соодветните одредби од Законот за животната средина, како и на соодветните одредби од Законот за општата управна постапка, да донесе соодветен, правилен и на закон заснован конкретен управен акт, којшто акт ќе ја има структурата и ќе ги содржи сите елементи на писмен управен акт пропишани со одредбите од Законот за општата управна постапка, особено соодветно образложение за донесената одлука.

Во таа смисла првостепениот орган потребно е да ја наведе целосната постапка од дадената дозвола - измена, да утврди и да ги наведе сите катастарски парцели на кои е поставена инсталацијата, да прибави докази за сопственост или други соодветни потребни докази за истите и потоа да донесе соодветна одлука согласно закон.

По однос на барањето на жалителот изнесено во жалбените наводи Државната комисија да го задолжи првостепениот орган да му ги надомести трошоците во жалбената постапка, Државната комисија утврди дека истото е неосновано имајќи во предвид дека трошоците за изготвување на изјавена жалба и такса за жалба не спаѓаат во категоријата трошоци во постапката согласно одредбата од член 68 став (1) од Законот за општата управна постапка.

Од тие причини, а согласно член 109 став (9) од Законот за општата управна постапка, Државната комисија одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Ова решение е конечно во управна постапка и против него не е дозволена жалба.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот.

**Решено на ден 22.04.2024 година, под Уп.бр.0807-38**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ВО УПРАВНА ПОСТАПКА**
**И ПОСТАПКА ОД РАБОТЕН ОДНОС ВО ВТОР СТЕПЕН**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**ДАНИЦА ЧАДИЕВА**